С о о п ш т е н и е

се известуваат редовните и вонредните студенти од Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека уписот на зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година ќе се врши од 28.09.2020 година до 09.10.2020 година

Согласно Одлуката за воспоставување на ПРОТОКОЛ за начинот на одржување на лабораториски вежби, консултации, колоквиуми и испити со физичко присуство на студентите согласно со мерките на надлежните органи за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19,

Одделението за студентски прашања, почитувајќи ги здравствените критериуми, престојните активности врзани со уписот на зимскиот семестар во уч.2020/2021 година, го закажува по точно дефиниран распоред по денови и Институти:

Институт за биологија (сите студиски програми) и студиската програма биологија-хемија	(четврток и петок) 11:00 - 15:00 часот	01.10.2020 и 02.10.2020 г. 08.10.2020 г. 09.10.2020 г.

Напомена: студентите да ги почитуваат мерките наведени во Одлуката: начинот на движење, да држат дистанца од 2 метра, да не се групираат, да носат маски и да се дезинфицираат. Влегување во просторијата на студентски прашања е забрането, освен со најава и договор со службениците.

СТУДЕНТИ ЗАПИШАНИ ПО ПРВПАТ ВО УЧ.2012/2013 Г.

Согласно предлог одлуката на деканатската управа бр.1187/2 од 25.09.2020 г. на студентите кои се запишани по прват во уч.2012/2013 година, рокот да за ги завршат започнатите студии по студиската програма по која се запишале по првпат ИМ СЕ ПРОДОЛЖУВА ДО 14.02.2021 година (ОДЛУКА во прилог)

СТУДЕНТИ ЗАПИШАНИ ПО ПРВПАТ ВО уч.2013/2014 г., уч.2013/2014 г. уч.2014/2015 г., уч.2015/2016 г, уч.2016/2017 г, уч.2017/2018 г., 2018/2019 г. и уч.2019/2020 г.

Потребни документи:

1. образец А3 за запишување на семестарот, уредно пополнет **ПРИМЕР обр. А3**
   Напомена: Студентите ЗАДОЛЖИТЕЛНО да ги запишат предметите што ќе ги слушаат во зимскиот семестар во 2020/21 година (вклучително и изборните предмети) по прв пат и предметите што НЕ ГИ ПОЛОЖИЛЕ од

претходниот зимски семестар во А3 ОБРАЗЕЦОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР)

2. пријавен лист од Државниот завод за статистика на РМ (образец ШВ-20);

3. пополнет и потпишан образец за ЕКТС за положени испити, односно за освоени кредити и за пријавени предмети кои ќе ги слушаат во зимскиот семестар (образецот се пополнува во координација со координаторот на соодветната студиска програма-насока)

На Институтите каде се укинати овие обрасци во хартиена форма(Институт за биологија и Институт за математика), студентите не треба да ги поднесуваат истите, но треба да се обратат за одобрување на упис на предметите кај ЕКТС кородинаторите, кои треба да се потпишат А3 образецот; Листата на ЕКТС координатори, е подоле во соопштениево.

4. уплатница за уплатени 700,00 денари за административно-материјални трошоци

Напомена: студентите може да ги уплатат вкупно на една уплатница, сите уплати наведени во заградата. (административни трошоци;за обновување на библиотечен фонд во библиотеките на Институтите при ПМФ; за колективно осигурување на студентите од ПМФ од несреќен случај; за обезбедување, за испитни работни тетратки;)

5. уплатница за уплатени средства за упис на зимскиот семестар во уч. 2020/2021 година за студентите запишани во државна квота.

Износот на сумата, претставува збир на вкупната сума од цената на кредити при прво запишување на предмети и вкупната цена на кредити за презапишување на предмети согласно образецот за ЕКТС одобрен од координаторите за ЕКТС. Цените на кредити се одредени согласно со одлука на Деканатска управа бр. 02-3456/2 од 15.02.2010 година.

Доколку студентот запишан во државна квота, не положил најмалку 50% од запишаните кредити во одреден семестар, до почетокот на наредниот соодветен семестар или еден предмет запишува по трет пат, ги продолжува студиите со поднесување на трошоци за студирање (наведено во Напоменатa, подоле во соопштениево), или

6. уплатница за уплатена рата за редовните и вонредните студенти запишани со кофинансирање согласно договорот потпишан со факултетот. Износот на сумата, претставува збир на вкупната сума од цената на кредити при прво запишување на предмети и вкупната цена на кредити за презапишување на предмети (доколку студентот презапишува предмети помалку од 50% од предметите, наведено во напомена 1, подоле во соопштениево), согласно образецот за ЕКТС одобрен од координаторите за ЕКТС. Цените на кредити се

одредени согласно со одлука на деканатска управа бр. 02-3456/2 од 15.02.2010 година.

Напомена 1:

Согласно, чл.23 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ, бр.417, 29 јануари 2019), студент запишан со партиципација (*државна квота), го губи статусот на студент запишан во квота со партиципација (*државна квота) и ги продолжува студиите во квота со школарина (*со поднесување на трошоците за студирање -кофинансирање) ако:

- еден предмет запишува по трет пат;

- не положил најмалку 50% од запишаните кредити во одреден семестар, до почетокот на наредниот соодветен семестар (зимски, односно летен).

* терминте за квотите наведени во заградите, се однесуваат за студентите запишани по прв пат во уч.2018/2019 година и претходно и истите имаат еднакво значење.

Напомена 2:

Согласно, чл.34, чл.35, чл.36 и чл.37 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ, бр.417, 29 јануари 2019) студентите, при упис на предметите треба да внимаат:

- при запишување на нови предметите, изборот на истите, треба да е во согласност со правилата за напредување, утврдени со студиските програми,
- на условувачките критериуми, односно на предусловите за запишување на секој предмет, кои се дефинирани во студиската програма (хоризонтална и вертикална условеност),
- најпрво ги презапишуваат неположените задолжителни и изборни предмети од претходниот летен семестар, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар, и на крај изборните од тековниот семестар, но не повеќе од вкупно 35 кредити,
- при повторно запишување на неположен изборен, студентот има право да го замени со друг изборен предмет (доколку сака да изврши промена - се поднесува барање до ектс координаторот на соодветниот Институт – формулар во прилог),
- доколку студентотво семестарот запишува изборен/изборни од универзитетската листа на слободни изборни предмети за прв циклус студии на УКИМ, да се внесе во образецот за упис на семестарот, во точното поле. (10% од изборните предмети)

1 ЕКТС кредит -квота-	за предмет, кој се запишува по прв пат (денари)	за предмет, кој се презапишува (денари)
редовни- со партиципација (државна квота)	210,00	410,00
редовни и вонредни школарина (со кофинансирање) 400 еур	410,00	600,00

Ви напоменуваме, дека електронскиот систем не ги пресметува точно кредитите, за предметите кои се презапишуваат. Студентите, да се придржуваат кон табелата погоре за пресметување на вкупната сума за упис на семестарот.

Студентите, кои се во тешка материјална состојба, треба да поднесат барање за плаќање на рати, одобрено согласно Одлука од Деканатската управа на ПМФ (студентите не треба да одат да бараат потпис). Согласно Одлуката од деканатска управа сумата до 15.000,00 на 2 рати, а над 15.000,00 на 3 рати. Барањето за плаќање на рати на зимскиот семестар во уч.2020/2021 година, може да го подигнете од Одделението за студентски прашања или да го испечатите (документот е достапен во прилог).

сите уплати се вршат на образец ПП50:

- назив и седиште на примач ПМФ – СКОПЈЕ

- банка на примач НБРМ

- трансакциска сметка 100000000063095

- сметка на буџетски корисник на ПМФ 1600110804 788 19

- приходна шифра програма начин 723012 - 41 – 2

- цел на дознака (упис на ЗИМСКИ сем. во уч.2020/2021 г. студиска програма)

Напомена 3 :

Задолжителното електронско запишување на зимскиот семестар и предметите во него во уч.2020/2021 година, (согласно упатството , објавено на веб страницата на ПМФ), ќе се одвива од 28.09.2020 год. до 02.10.2020 год., на www.iknow.ukim.edu.mk.

ПРВО се запишува семестарот и предметите ги запишуваат електронски, а потоа ги доставуваат потребните документи во службата за студентски прашања.

Студентите ЗАДОЛЖИТЕЛНО прво да ги презапишат предметите кои не ги положиле од претходните зимски семестри, а потоа да ги запишат предметите од тековниот зимски семестар.

Доколку имате проблеми поврзани со студиската програма (предмети, испити и сл.) пратете електронска порака со опис на проблемот, број на индекс, на:
- keti@pmf.ukim.mk (математика, математика-физика и физика),

lidija.mitevska@pmf.ukim.mk (биологија, биологија–хемија, етнологија и антропологија) и ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk (хемија, географија)

за технички проблеми (заборавена лозинка, промена на мејл адреса и сл.)
- boris@pmf.ukim.mk. во пораката задолжително да се напише опис на проблемот, број на индекс, име и презиме на студент и електронска адреса со која е регистриран во системот.

Сите уплати под реден број 4,5 и 6 се вршат на образец ПП50 на жиро сметката на ПМФ:

- назив и седиште на примач	ПМФ – Скопје
- банка на примач	НБРМ
- трансакциска сметка	100000000063095
- сметка на буџетски корисник на пмф	1600110804 788 19
- Приходна шифра програма начин	723012 - 41 – 2

7. Додека уплатата од 750,00 денари на жиро сметка на УКИМ, за информативни, информатички, културни и спортски активност и на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,

со назнака ИКСА на УКИМ - ПМФ

на жиро-сметката 100000000063095

депонент: НБРМ,

со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18

приходна шифра 723012, програма 41 начин 2

Цел на дознака за ИКСА на УКИМ - ПМФ Овој надоместок, студентите го поднесуваат секоја учебна година, при запишување на зимскиот семестар.

ЕКТС координатори на ПМФ

Институт за биологија

Студиска програма:	
Биохемија и физиологија	Проф. д-р Никола Хаџи-Петрушев
Молекуларна биологија и генетика	Проф. д-р Александра Цветковска
Екологија	Проф. д-р Катерина Русевска
Биологија	Проф. д-р Катерина Русевска
Биологија - хемија	Проф. д-р Катерина Русевска
Нутриционизам	Проф. д-р Валентина Славевска Стаменковиќ

Студентите од Институтот за биологија треба да го достават уредно

пополнет А3 образецот и индекс, во библиотеката на биологија, на одобрување од ЕКТС координаторите, а потоа сите потребни документи и уплатници да ги достават во Одделението за студентски прашања во точно одредените денови за поднесување на документи.

Скопје, 25.09.2020 год. од Деканатот